Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 година и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 144/25) член 57 од Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-675/4 од 26.05.2015, бр.01-1507/08 од 30.12.2016, бр.01-232/7 од 06.04.2017, бр.01-500/11 од 03.05.2018, бр.01-870/7 од 26.06.2019, бр.01-260/5 од 30.03.2021, бр.01-756/3 од 31.05.2022 и бр.01-1080/9 од 25.07.2023 година) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/24)

## АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВУВА

## ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 3/2025

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со цел пополнување на работни места со унапредување на административен службеник, има потреба од:

- еден (1) извршител за работно место – Главен советник на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за економски прашања, шифра: МАП0101БО1004 и

- еден (1) извршител за работно место – Главен советник на Претседателот на Советот на експерти за развој на капитално финансираното пензиско осигурување и институционална соработка, шифра: МАП0101Б01005.

Општи услови за пополнување на работните места Главен советник на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за економски прашања и Главен советник на Претседателот на Советот на експерти за развој на капитално финансираното пензиско осигурување и институционална соработка се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за пополнување на работното место - Главен советник на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за економски прашања утврдени во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се:

Стручни квалификации:

- за ниво Б1-ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- вид на образование - Општествени науки – економија и бизнис и
- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

Посебни работни компетенции:

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и положен испит за административно управување.

Посебни услови за пополнување на работното место - Главен советник на Претседателот на Советот на експерти за развој на капитално финансираното пензиско осигурување и институционална соработка утврдени во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се:

Стручни квалификации:

- за ниво Б1-ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- вид на образование - Општествени науки – економија и бизнис и
- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

Посебни работни компетенции:

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и доказ за положен испит за административно управување.

На интерниот оглас може да се јават административни службеници, вработени во истата институција, кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работните места пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници и во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Покрај наведените услови кандидатот треба:

- да не е оценет со оцена "Г" или "Д" при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е на непосредно пониско ниво од работното место или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Дневно работно време – од 08 часот до 16 часот;

Работни денови: Понеделник – Петок;

Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Паричниот нето износ на збирот на делот на основната плата со кој се вреднува степенот на образование и делот на плата за ниво изнесува 77,038.00 денари.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата и доказите ќе се дисквалификува од натамошната постапка.

Заинтересираните административни службеници, за наведените работни места, треба да достават пополнета пријава и документи со кои се докажува исполнувањето на бараните услови, до архивата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и во електронска форма до службената електронска адреса на лицето кое ги врши работите од областа на човечките ресурси, во рок од 5 дена сметано од денот на објавувањето на овој оглас.

Агенција за супервизија на капитално
финансирано пензиско осигурување